CIDOB • Barcelona Centre for International Affairs
ISSN: 2013-4428
notes internacionals CIDOB

95
АВГУСТ
2014

# МАКЕДОНИЈА И ЕУ: Слегување со главата напред во минатото

**Д-р Еран Фраенкел,** Соработник на CIDOB, Институт за меѓународни работи vo Барцелона

По падот на Берлинскиот ѕид и на СФР Југославија во 1989 година, Европската Унија се најде во нова позиција да одлучува дали ќе се прошири за да ги вклучи земјите што припаѓале на Варшавскиот пакт - како Полска, Естонија - или што припаѓале во таканаречената "*друга*" Европа – како на пример екс-југословенските земји и Албанија.Иако во текот текот на следните децении, повеќето од овие земји се примени во Унијата, во Брисел исто така станало сé појасно дека земјите кои сеуште не влегле, чекаат долго, ако не неограничено време.

Постојат шест земји во Југоисточна Европа (Македонија, Босна, Албанија, Србија, Црна Гора и Косово), кои се наречени "*Западен Балкан,*" што всушност е еуфемизам за "неквалификувани за членство во ЕУ." За секоја од овие земји има специфични образложенија за одбивањето на членството во ЕУ. Но, покрај сите разлики, основните примедби се исти: дека земјите од Западен Балкан сеуште не се "подготвени" за членство; дека е "прерано" да се пуштат;или дека "цената" на членството на овие земји ќе ги надмине можните придобивки кои би ги стекнале со членството во Унијата.

Исто така, се приметува дека колебањето е зголемено по приемот на Бугарија и Романија во 2007 година; Поточно, поради очигледните бавни економски и политички промени во овие две земји во текот на изминатите седум години. Додека во голема мера неподготвеноста да се примат нови земји во ЕУ била присутна кај политичките елити пред претходното проширување во 2007, сега се појави погласен и поширок отпор против проширувањето. Тој став се манифестира во различните анти-имигрантски движења како и во поддршката за повеќе конзервативни влади во некои земји во "*Старата Европа*".

Општо гледано, овие трендови имаат негативно влијание врз целиот Балкан.Во конкретниот случај на Македонија, ефектот на невклучување на земјата во Европската Унија и сега и понатаму ќе биде спротивен од намерата на еврократите: Имено, наместо да ги обезбеди стимулансите за Скопје да ги исполни дефинираните стандарди за пристапување и со кои Македонија веќе се согласила, неизвесните односи со ЕУ предизвикуваат повеќе регресивни политички, социјални и економски трендови. Колку подолго ќе му треба на Брисел да ја сфати врската помеѓу својата политика на пристапување и актуелната состојба во Македонија, толку поверојатно е дека ЕУ ќе мора да се соочи со ненамерни но тешки последици. Односно, ЕУ е во тек да создаде една (и најверојатно повеќе) "црни дупки "во Европа, без владеење на правото, без репрезентативна и сеопфатна политика, без слободна пазарна економија и без слободата на изразување.

Сеуште не може се каже дека Македонија е пропадната држава - иако значителен број на македонци од сите заедници ја опишуваат на тој начин - но секако е слаба држава. На место темелно да го гради својот пат кон заедничка европска иднина, македонската влада ја води земјата со главата напред во сé поискривено, помитолошко и пораздорно минато. И колку повеќе Скопје инвестира во измислувањето на такво "славно" и "античко" минато, толку помалку сретства обезбедува за соочување со несигурната и реалната сегашност или да се подготви за било која можна иднина.

## Предоцна е да биде прерано за Македонија да влезе во ЕУ

Република Македонија стана независна од Југославија во 1991 година. Во 1993 стана членка на Обединетите Нации, под името ПЈРМ (Поранешна Југословенска Република Македонија) поради спорот со Грција околу привидни, културни, историски и територијални претензии. Иако Македонија и Грција потпишаа Привремена Спогодба во 1995 година, и покрај Договорот за Стабилизација и Асоцијација

потпишан во Брисел во 2001 година, Македонија не успеа да стаса до разговори за пристапување во ЕУ. Скопје ја поднесе својата апликација за членство во ЕУ во 2004 година, кога и се стекна со статус на кандидат во 2005 година. Оттогаш, во пет наврати било препорачана да се отпочнат разговорите со Македонија за пристапување (во 2009, 2010,2011,2012, 2013). Секој пат Советот на Европа или ја негирал или ја одложувал препораката.

Можните последици на овој пристап кон проширувањето кратко и точно ги забележува Хедвиг Морваи-Хорват, извршен директор на *Европскиот Фонд за Балканот на Фондацијата Крал Бодуен*. Тој опишува три можни сценарија ако ЕУ продолжи да го одбива пристапувањето на земјите од Западен Балкан. Првото сценарио го нарекува "Business as Usual." Во тој случај,можноста за пристапување постојано се дискутира и се одложува, што доведува до зголемен скептицизам за проширувањето кај актуелните земји-членки на ЕУ. Второто се вика "The Turkey Path," во кое земјите чие членство во ЕУ се одложува, сé повеќе бараат да бидат примени други "можни клубови." Во ова сценарио, членките на ЕУ го блокираат напредокот на земјите кандидати, до тој степен што и политичките елити и граѓаните на земјите-кандидати губат интерес за членство во ЕУ. Недостатокот на напредок веројатно ќе ја запре демократизацијата, доведувајќи до полу-авторитарни режими кои ги контролираат медиумите, го менуваат уставот, и во кое системот на "checks and balances" ја губи битката *viz-á-viz* зголемувањето на моќта на извршната власт." Во третото сценарио, целосно е напуштена можноста дека ЕУ ќе се прошири, што придонесува до пораст на евроскептицизмот и намалување на општата улога на Унијата." Додека во 90-тите се чинеше дека нема алтернатива за ЕУ, неодамнешните случувања наговестуваат дека САД, Русија и Турција се конкуренти во борбата за влијание и моќ во земјите на периферијата на Европа." За време на претходните девет години Македонија го помина првото сценарио. Но, секое следно одложување на преговорите ги намалува трпението и довербата на оваа мала, релативно сиромашна земја.

До неодамна, повеќето Македонци сметаа дека земјата навистина не се усогласила доволно со критериумите за членство во ЕУ. Но сега многу од нив се убедени дека намерите на ЕУ, најблаго речено, се неискрени. Имено, поголемиот дел од жителите во Македонија - било Македонци или Албанци - во најголема мера се согласни дека земјата ги исполнила, дури дека ги надминала условите за прием во Унијата. Всушност, приклучувањето кон "Европа" е меѓу ретките заеднички цели во редовната меѓу-етничка политика во Македонија. Меѓу квалификациите за пристапување кон ЕУ, Македонија го докажа своето долгогодишно признавање на идентитетот и правата на малцинствата; за разлика од соседите на исток и на југ, и двете земји членки на ЕУ. Покрај тоа, од независноста на Македонија во 1991 година, до денес, сите влади биле составени од коалиции на албански и македонски политички партии. Иако однесувањето на државата било сурово дури и грубо понекогаш, Македонија прифати и смести околу 400.000 бегалци од Косово за време на кампањата на етничко чистење на Милошевиќ во 1998-1999 година. Бројот на бегалците изнесуваше речиси 25% од вкупното население на земјата. Трето, по домашната војна во 2001 година и потпишувањето на Охридскиот рамковен договор во 2002 година, Скопје го прифати меѓународниот притисок за промена на Уставот, со што Македонија стана де факто, иако не и официјално, двонационална и двојазична држава. Без оглед на тоа кои предуслови и барања Скопје ги исполнил во текот на изминатите десет години, преговорите за членство во ЕУ останаа далеку на хоризонтот.

Дека хоризонтот е навистина далечен, беше потврдено неодамна во најавата на Европската комисија дека таа одвоила милијарда евра за ИПА (претпристапна помош) фондови за Западен Балкан за периодот 2014-2020. Како што изјави грчкото претседателство со Советот на Европа во мај 2014 година, овие средства се наменети да бидат "утешна награда" за оние земји на кои ЕУ не може да им даде одредена временска рамка за прием во Унијата. Иако има луѓе во Македонија кои признаваат дека социјалните, економските и политичките услови се уште треба да се подобрат, тоа што ги разочарува Македонците е "постојаното менување на целите." Како што се менуваат договорените критериуми за отпочнување преговори за пристапување на Македонија, поради навидум произволни и нетранспарентни причини, Скопје се доближува до неизбежниот заклучок дека нема да ја надмине фазата на "разговор за џабе" ("talking about talking") за да стаса до јасен рок за прием во ЕУ.

## Рипање со главата надолу во измислено минато

Согледувајќи дека Македонците се соочуваат со се помали шанси да станат граѓани на ЕУ, владата ја злоупотребува оваа разочараност за да започне драматична програма на историски ревизионизам, со цел да се преориентира земјата од иднината кон минатото. Наместо да инвестира во поправки на инфраструктурата или да обезбеди почетни пари за развој на одржливо стопанство, значителни пари се трошат за "Скопје 2014," програма која го претвора градот во музеј на една цивилизација и народ што никој во земјата не ги препознава

По реконструкцијата на Скопје од катастрофалниот земјотрес во 1963година, благодарение во голем дел на меѓународната помош, Македонците со право се гордееле со градот како симбол на издржливост и обновување. Но, ова веќе не важи. Наместо тоа, како израз на мрзоволен национализам, владата поставува фиктивна лоза што ги исклучува сите освен најслепите приврзаници. Прво и основно, ова новосоздадено минато го негира словенското потекло на современите Македонци; потекло што го сочинува јадрото на македонската историографија по втората светска војна и срж на споровите околу идентитетот помеѓу Македонија, Бугарија и Србија. Наместо тоа, новата идеологија за идентитетот се залага за непрекината лоза на денешното население во Македонија од автохтоното, "антично" и епонимично македонско племе на полуостровот. Затоа, во центарот на Скопје сега доминираат грандиозни статуи на Александар Македонски, неговиот татко Филип Македонски, и неговата мајка, чиј идентитет речиси ниеден обичен граѓанин не го знае. Меѓународниот аеродром во Скопје, како и главниот автопат до границата со Грција, истотака се преименувани во "Александар Велики." Со освојувањето на овие и на други пред-словенски историски личности (како на пример византискиот цар Јустинијан), владата во Скопје е намерно "пика стап во окото" на владата во Атина и успешно го зајакнува мислењето на Грција дека Македонија не заслужува да биде примена во Европската унија.

Овој ревизионизам во Македонија исто така го мачи источниот сосед, Бугарија. Конкретно,Софија приговара на поставувањето на статуа во центарот на Скопје што го претставува средновековниот цар Самоил. Иако Самоиловото седиште и неговата тврдината се наоѓаат во Охрид, Македонија и Бугарија инсистираат дека тој историски владетел бил само “наш.” Ниту едната, ниту другата страна не е подготвена го да признае можното заедничко минато. Спорот со Бугарија околу идентитетот ги има своите корени во многу поранешно време, и секако пред проектот “Скопје 2014.” Иако Бугарија била првата земја која ја признала Македонија како независна држава во 1991 година, Софија не се повлече од својот став дека населението во Македонија се состои од “Западни Бугари.” Неколку иронии произлегуваат од овој спор со Бугарија. Едната иронија е тврдењето дека Самоил бил Македонец не стои многу лесно со ре-идентификација на Македонците како наследници на Александар Велики. Но има и потешка иронија. Односно, тие што се опседнати со идејата дека Самоил бил “наш” или се слепи - или одбиваат да признаат колку македонски граѓани одлучиле да се идентификуваат со Бугарската држава. Имено, во текот на изминатите десет години, се смета дека 50 – 90,000 Македонци барале и добиле бугарски пасош. Додека Божидар Димитров, директор на Националниот историски музеј во Софија, тврди дека тоа се луѓе кои се “враќаат на своите бугарски корени,” има едно многу попрагматично образложување. Имено, покрај целата ревизионистичка реторика, некои Македонци позитивно реагираат на бугарската понуда да имаат *иднина* како граѓани на ЕУ држава,отколку на стремежите на Скопје да ги убеди кои биле во *минатото*.

Овој историски ревизионизам, познат како *антиквизација*, ги исклучува не само регионалните актери од новото ре-измислено минато, туку, антиквизацијата ги одбива сите кои не се подготвени да прифатат еден наратив кој негира настани кои тие самите ги доживеале. Так на пример, антиквизација ги исклучува луѓето кои се бореле во Втората светска војна како партизани, а кои биле активни во воспоставувањето на културните, правните и политичките институции во република Македонија. Во новата верзија на приказната, големиот дел на македонската историја од 20-от век се состои од страдање, како што е прикажано во единствениот музеј посветен на овој период: *Музеј на ВМРО и Музеј на жртвите од комунистичкиот режим*. Историјата на Македонија прескокнува station наназад кон “национални херои” од 19-ти век или раните година на 20-от век. Многумина од нив познати само на посветените академици. На реката Вардар, во центарот на Скопје, има низа нови мостови наредени со статуи на овие ново откриени важни личности. Левиот кеј на Вардар е исполнет со огромни и сеуште ненаселени владини згради што се стремат да личат на стилови од нео-барок до грчко-римски стил; и чиј обем може да се опише како “фараонски.”

Покрај симболиката на измисленото минато, “Скопје 2014” физички и идеолошки го одделува Скопје од неговото Турско и муслиманско наследство. Погледот кон Отоманско Скопје, со своите џамии, карвансараи од 15-от век го кријат статуи што го најавуваат “македонскиот” идентитет на градот - иако овој идентитет сега е во тек на “(ре)измислување.” Покрај 30-метри високиот православен крст веќе подигнат на врвот на Водно, што гледа од целиот град, втор малку помал крст се појави неодамна во една станбена населба во градот. Нови цркви се градат на места во градот кои се наменети да бидат јавни простори; на пример пешачката патека пред куќата на Мајка Тереза, или до тврдина на Кале со поглед на реката Вардар. Пораката на “Скопје 2014” до муслиманските заедници во земјата, кои претставуваат речиси 30% од вкупното население е јасна: Македонија е “наша” и “ние” сме христијани. Подеднакво јасно е пораката до македонските Албанци, кои сочинуваат околу една четвртина од населението во земјата: Ние Македонците сме живееле на ова тло подолго од билокој, вклучувајќи ги и Албанците кои наводно се потомци на домородните Илири.

Антиквизацијата има постигнато едно високо (или пак ниско) ниво на апсурдност која, под други околности, би можела да се смета комична, но која во денешните околности го претставува менталитетот што ги води настаните во регионот. Имено, во 2008 година, Никола Груевски (тогашен и сегашен премиер на Македонија) и архиепископот на Македонската православна црква званично ги примија принцот Газанфари Али Кан и принцезата Рани Атика од народот Хунза, што живее на Хималаите во Пакистан. Иако тие се муслимани, Хунзите се идентификуваат како потомци на Александар Велики, па поради тоа биле пречекани во Скопје како “загубени роднини.” Не е за чудење дека Хунзите не знаеле за својата привидна историска поврзаност со Македонија се додека еден професор по лингвистика од Скопје не изјавил дека Хунскиот и индоевропските јазици споделуваат заедничка граматика. За да не биде подолу,, Атина исто така ги открила своите историски врски со Пакистан, но со племето Калаши, кое истотака живее на Хималаите. За да обезбеди меѓународен легитимитет на ова тврдење, грчки емигранти во САД побарале договор во Вашингтон за заштита на “Хеленските потомци на војската на Александар Велики” на Хималаите.

На многу надворешни набљудувачи, како и на тие Македонци кои не се вплеткани во овој бран на националистички ревизионизам, им се чини дека државата страшно се изгубила од патот на кој тргнала во 1991 година, а камоли по потпишувањето на Охридскиот рамковен договор во 2002. Постојат оние кои сегашната состојба на Македонија ја препишуваат на ЕУ и нејзината двосмислена, ако не и лицемерна политика кон земјите од Балканот и нивната подобност за пристапување. Има и такви кои исклучувањето на Македонија од ЕУ го препишуваат на своите лидери; односно, отсуство на визија, нивно соучество во корупцијата, и нивната опсесија со лично возвишување. Но, како што Македонија брзо тоне подлабоко во една реалност што сама ја измислува - една реалност која исклучува доста голем број од сопствените граѓани, некои од непосредните соседи, и на крајот и ЕУ - Европа мора да си постави едно сериозно прашање: дали цената на невклучувањето на Западен Балкан во унијата е вредна за последиците. Ако Македонија, а потоа Босна, Косово и Албанија останат изолирани од Европа, нивниот евентуален сојузник ќе биде Турција. Турција е веќе доста влијателна во овие земји, и како инвеститор и во случајот на Македонија, како природна противтежа према Грција. За Србија и Црна Гора, Русија може да биде попривлечна опција од Турција, иако актуелните настаните во Украина би можеле да ги стишаат тие чувства. ЕУ има свој протокол за проширување, кој не создава добри предуслови за пристапување на било која земја од Западен Балкан. Македонија се наоѓа во ранлива позиција имајќи го в предвид правото на секоја земја-членка на ЕУ да

стави вето на барањето за членство на било кој кандидат. Дали Грција и Бугарија би биле понаклонети кон членството на Македонија во ЕУ да не почнеше Скопје со својата програма на антиквизација? Ова не е можно да се дознае. Она што може да се знае е дека единствениот начин да се спречи тековното слегување на Македонија во измислено и самоуништувачко минато е да се обезбеди јасна и непроменлива иднина. Со доволна политичка волја, ова е нешто што ЕУ може и мора да го направи - пред да биде предоцна.